Прашања:

1) Колку вкупно недвижности ( објекти ) користи Министерството за одбрана?

2) Колку вкупно објекти сопственост на РС Македонија се доделени на користење со Одлука на Владата на Министерство за одбрана?

3) за колку од објектите имате Имотен лист издаден од АКН со запишано корисничко право?

4) Дали имате објекти за кои се води постапка за легализација пред Министерството за транспорт и врски?

Одговор:

Во врска со горенаведеното барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, Министерството за одбрана ве информира за следново:

- Министерството за одбрана вкупно користи 964 објекти;
- Сите 964 објекти се доделени на користење на Министерството за одбрана со Одлуки на Владата на Република Северна Македонија;
- Од вкупно 964 објекти кои ги користи Министерството за одбрана:
  -за 766 објекти имаме имотни листови со запишано корисничко право на Министерството за одбрана,
  - 140 објекти се со имотен лист во сопственост на Република Северна Македонија и за истите во тек се постапки за запишување на корисничкото право на Министерството за одбрана,
  - 58 објекти сé уште се без имотен лист, но во тек се постапки за изработка на геодетски елаборати и запишување на овие објекти во јавните книги за катастар на недвижности;
- Согласно законската регулатива која е во важност, Министерството за одбрана не води постапки за легализација пред Министерството за транспорт и врски;